Бр./Nr 12-3690/2

16-01-2024 г./v. (2021)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-мата седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3690/1 од 04.10.2021 година, против ///, службено лице вработено во ООУ /// – ///, ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-3690/1 од 04.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 04.10.2021 година поднесена е пријава против ///, службено лице вработено во ООУ /// – ///, ///, и оформен е предмет број 12-3690/1 од 04.10.2021 година.

Во пријавата подносителот изразува сомневање за злоупотреба на службената должност, наводно сторена од страна на пријавената ///, вработена во ООУ /// – ///, /// на работното место секретар, со незаконско постапување и повреда на законски одредби со кои е уредена областа работни односи.

Наводите од пријавата се однесуваат на преземање на дејствија во текот на септември 2021 година од страна на пријавеното лице, кое наводно постапило спротивно на своите работни задачи при одобрување, потпишување и доставување на пресметка на плата за месец 09/2021, при поништување на решение за престанок на работен однос донесено на 21.09.2021 година и при промена на потписник на училиштето во Централниот регистар.

Подносителот на пријавата изразува сомневање дека со наведените дејствија, била извршена повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на Општината и на училиштето, и поради тоа бара ДКСК да преземе соодветни мерки и дејствија против пријавеното лице.

Од увидот во документацијата доставена во прилог на пријавата, може да се констатира дека на ден 30.09.2021 година до градоначалникот на Општина /// бил доставен Ревизорски меморандум од страна на внатрешниот ревизор во Општина ///, чиј предмет била ревизија на работните задачи на секретарот на во ООУ /// – ///, ///, со ревизорска цел да се добие потврда дека наведеното лице ги извршувало работните задачи во согласност со

законската регулатива. При ревизијата било констатирано дека ///, вработена во ООУ /// – ///, ///, на работно место секретар, постапувала спротивно на работните задачи, што било спротивно на член 109 од Законот за основно образование според кој орган на раководење во основното училиште е директорот и директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

Од страна на ревизорот била дадена препорака до градоначалникот, да се преземат мерки и активности наведеното лице да постапува согласно законската регулатива која ја уредува областа на работните односи и другите прашања поврзани со работен однос на административните службеници.

При разгледување на предметите наводи ДКСК ги зеде предвид законските одредби со кои е уредена предметната област. Согласно членот 81 од Законот за основното образование, вработените во основните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста основно образование, имаат статус на административни службеници, и за нив се применуваат одредбите на Законот за административни службеници и општите прописи за работни односи. Работното место секретар на ООУ е работно место од ниво В1 - советник за нормативно правни работи (секретар) и советник за сметководствени работи (сметководител), и спаѓа во вработени лица со статус на административни службеници. Надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за основното образование и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за образование, а инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините, согласно со закон.

Согласно членот 113 од Законот за основното образование, директорот на ООУ има надлежност да покренува постапка за дисциплинска одговорност на вработените во училиштето.

Оттаму, ДКСК утврди дека не е надлежна да постапува за предметниот случај поради тоа што пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК, туку станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на други надлежни органи: Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и директорот на ООУ, надлежен да покренува постапка за дисциплинска одговорност на вработените во училиштето.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик - претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk